# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО НА ФИЛМСКИ РАБОТНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 – 2012 ГОДИНА

Изготвил:
Никола Мадиќ

Од самото основање на Друштвото на филмски работници на Република Македонија биле поставени основните цели. Тие се: развојот, ширењето и промоцијата на филмските професии, особено со истакнувањето на професионализмот и стручноста на сите профили и од сите генерации кои учествуваат во продуцирањето на “движечките слики” во Република Македонија. Од ова може да се заклучи дека значењето на ДФРМ е од голема улога во создавањето и презентирањето на македонската култура и македонскиот филм воопшто. Тоа се докажува низ генерациите на автори, филмски работници и соработници. Слободата на филмската креативност отсекогаш била една од главните одлики на македонскиот филм бидејќи тоа биле основните вредности на членовите на ДФРМ како нивни носители. Сето ова може да се види во периодот од 60 години низ кој ДФРМ учествува во креирањето на многу долгометражни играни и документарни филмови, како и кратки играни, документарни и анимирани филмови, а доказ за тоа се многубројните награди освоени на разни фестивали во светот. Друштвото и понатаму треба да продолжи да го јакне и негува автохтониот македонски авторски филм, ставајќи ги во прв план авторите од сите генерации. Негувањето на креативниот потенцијал и продукцијата на нови македонски филмови ќе бидат на врвот на листата на неговите приоритети.

Од осамостојувањето на нашата држава, започна процес на измени кој сеуште трае. Тие измени беа во повеќе сегменти. Се смени начинот на продуцирање на филмовите, а и начинот на кој се подготвуваат и снимаат филмовите. Од еден државен продуцент, сега имаме многу самостојни продуценти. Се наметна потреба за измени на законот за култура и донесување на законот за филмскиот фонд. Со тоа се смени и начинот на финансирање на филмовите. Со започнувањето на процесот за приклучување кон ЕУ, се јавува уште поголема потреба за измени на законите и законската легислатива во приближувањето кон законите кои важат во ЕУ.

Друштвото на филмски работници поради сето ова треба да се осовремени и да се прилагоди на новите услови. Тоа треба многу по активно да биде вклучено во процесот на креирање и менувањето на законите поврзани со областа на нашето делување. Особено ќе треба да биде присутно во приближувањето кон легислативата на ЕУ.

Покрај основните цели, ДФРМ треба да има и дополнителни цели кои ќе бидат постигнати преку поактивно учество на Друштвото во креирањето на стратегијата за развојот на македонскиот филм. Тука се подразбира учество во создавањето на плановите за динамика на реализација на програмата донесена од Филмскиот фонд во тековната година, со цел да се обезбеди континуиран ангажман на филмските професионалци. Истотака, Друштвото

треба да има можност и за учество во креирањето на програмата на Филмскиот Фонд. За ова да биде возможно, ДФРМ треба да има свој претставник во Управниот одбор на Филмскиот Фонд со што би земало активно учесто во решавањето на овие прашања.

Друштвото на Филмски Работници на РМ, било, е и треба да биде носител на многу активности во насока на промовирањето на филмската уметност во земјава. Тие активности треба да бидат уште побројни со цел да покрај македонскиот филм, на нашата публика и дадеме можност за презентирање и на други национални кинематографии од нашето соседство и светот, а воедно таа размена да биде и во обратна насока. Со тоа, имаме можност да и нашата кинематографија биде подостапна надвор од границите на нашата држава. Интернационалниот Фестивал на Филмска Камера "Браќа Манаки" и понатаму треба да биде важен сегмент во годишната програма. Друштвото треба да има поголемо учество во осмислувањето и реализацијата на Фестивалот. Со тоа Фестивалот ќе може да го продолжи својот раст и развој, особено поради Интернационалната улога која ја има сега.

Друштвото на Филмски Рабоници на РМ и во иднина треба да соработува со НУ "Вардар Филм" и да го подржува во остварувањето на нивните цели. Од исклучително значење е возобновувањето на националниот филмски центар, како главен генератор и обединител на целокупната филмска продукција.

ДФРМ е членка на многу бројни Асоцијации во светот. Тоа треба и во иднина да продолжи, да се негува и да се обидува тоа континурано да се зголемува. На тој начин Друштвото ќе има голема меѓународна промоција, а со тоа и сите филмски професионалци. Тоа ќе биде и начин на кој ќе може да се остварат контакти за ангажман на членовите во разни продукции и вон нашите граници.

ДФРМ како уникатно здружение од обласата на филмските професии ги обединува сите филмски професионалци кои се поделени во разни групи според обласата на своето делување. За да Друштвото биде по делотворно, предлагам да филмските професионалци оформат работни групи кои ќе извршат детекција на проблемите во секој поединечен сегмент на продуцирањето со што би се овозможило и поефикасно решавање на истите и овозможување на подобри услови за работење на сите професионалци.

Називите на филмските професии во светот и кај нас многу се разликуваат. Понекогаш тоа придонесува и за многу забуни. Од тие причини, ДФРМ треба да изготви труд за номенклатура на звањата. Тоа ќе биде и голема олеснителна околност во бројните ко-продукции кои во иднина ќе се работат.

На 21 Мај 2010 година ДФРМ одбележува Јубилеј од 60 години постоење. Овој Јубилеј ќе треба пригодно да се одбележи. За програмата ќе се даде предлог кој ќе се разгледува на Вонредно собрание на ДФРМ. Покрај овој Јубилеј, Друштвото во своите активности, по разни поводи треба да организира одбележување на значајни автори и моменти од историјата на македонската кинематографија.